РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale për punë sociale e qytetit
Бр.-Nr. 0402-3222/1
04. 06 2025 год.-vit/e.
Куманово - Kumanovë

# ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -
Име на сектор

Врз основа на член 211 став 1,став 1 и 2 и член 212 став 1,2,5,6 и 7 од Законот за социјална заштита (,,Службен весник на Република Северна Македонија ,, бр. 104/19, 146/19, 275/19,302/20,311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23 ), Правилникот за систематизација на работни места во ЈУМ Центар за социјална работа Куманово бр. 04-2154 од 21.06.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУМ Центар за социјална работа Куманово бр. 0401-612 од 11.02.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУМ Центар за социјална работа Куманово бр. 0401-1171 од 15.03.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУМ Центар за социјална работа Куманово бр. 0401-1660 од 04.05.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУМ Центар за социјална работа Куманово бр. 0401-3573 од 26.10.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУМ Центар за социјална работа Куманово бр. 0401-4576 од 22.12.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово бр. 0401-2959 од 17.09.2024 година, Директорот на "ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС (02/2025)
за пополнување на слободни работни места со унапредување на еден (1) извршител давател на јавна услуга во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објавува интерен оглас за унапредување на еден извршител, давател на услуга на следната позиција:

1 **За работно место, еден (1) извршител – Воспитувач, самостоен стручен службеник, во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел-Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост и дневен центар за стари и возрасни лица, со шифра на работно место С030303А04018.**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово и законот за социјална заштита:

Општите услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков бр. 4- Куманово
Република Северна Македонија
+389 31438160
www:jumcsrkumanovo.com.mk
e-mail:jumcsrKumanovo.gov.mk

Секој кандидат треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово:

Посебни услови:

- за Воспитувач, самостоен стручен службеник за нивото А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство (Одделенска настава).
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потребни општи компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој;
- Комуникација;
- Остварување резултати;
- Работење со други / тимска работа;
- Ориентираност кон странките / засегнати страни; и
- Финансиско управување.

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето плата изнесува **34.412 денари.**

На интериот оглас може да се јави давател на јавна услуга, вработен во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и :

- да е оценет со оцена"4" или "5" при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас,

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 ( три) работни дена сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас. Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Каднидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков бр. 4- Куманово
Република Северна Македонија
+389 31438160
www:jumcsrkumanovo.com.mk
e-mail:jumcsrKumanovo.gov.mk

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на ВД Директорот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови :

- Уверение за државјанство;
- Доказ за општа здравствена способност;
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за соодветното работно искуство;
- Доказ- Диплома/Уверение за завршено образование;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.
Пријавата со потребната документација треба да се достави преку архива на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, ул. Тодор Велков бр. 4 Куманово до организациона единица за управување со човечки ресурси.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

В Д Директор
Erdi Mehmeti


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков бр. 4- Куманово
Република Северна Македонија
+389 31438160
www:jumcsrkumanovo.com.mk
e-mail:jumcsrKumanovo.gov.mk